РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 03-791/2
15.07 20 21 год
КРИВОГАШТАНИ

До

Продукција „360 степени“

**Предмет**: *достава на барани информации*

Почитувани, Во врска со Вашето барање за информации заверено кај нас на 13/07/2021 со архивски бр. 03-791/1, доставуваме одговор на поставените прашања.

1. Дали Градоначалникот на општината има донесено одлука за прогласување на финансиска нестабилност?
- Градоначалникот на Општина Кривогаштани, **нема** донесено одлука за прогласување на финансиска нестабилност.
2. /
3. /
4. Финансиска нестабилност не е прогласена од причина што Основен Суд Прилеп ( во конуслтација со сите доверители кои имаа тужби кон Општината) и додели на Општина Кривогаштани финансиски лимит кој се користи освен за основните трошоци како плати и комуналии, струја и за исплаќање на старите долгови кои се таложени уште од 2005 година.
5. Не
6. Како што е погоре објаснето, и покрај блокираната сметка се исплаќаат стари долгови, воедно очекуваме и зголемен проход со кој ќе го засилиме темпото на исплата на обврските бидејќи општината доби можност да располага, односно да врши продажба на земјиште од државата за докуп на дворно место и средствата ќе бидат уплаќани на сметка на општината , а не како досега на буџетот на државата. Во насока на зголемување на приходите се оди и на репроценки на имотот на жителите на општината согласно легализациите на имотите.
7. Доколку се продолжи со ова темпо на исплата на старите долгови и предвидените приливи на средства од погоре спомнатите извори, сметаме дека долговите таложени во претходните 15 години ќе ја имаат својата разврска за краток период.
8. Буџетот на Општина Кривогаштани за 2021 година изнесува 50.904.451 ден. а вкупните обврски кои се доспеани се 34.069.481 ден.

Градоначалник на Општина Кривогаштани

Г-дин Рубинчо Шефтероски

Република Северна Македонија ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ Кривогаштани